Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Судскиот совет на Република Северна Македонија врз основа на член 47 став 5од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19)објавува

**О Г Л А С**

- За избор на претседател на Основен суд Кочани и
- За избор на претседател на Основен суд Охрид.

Кандидатите за избор на претседател на суд треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) и да ги достават следните документи:

- Потврда за најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степени

- Програма за работа во текот на мандатот со Акциски план за спроведување на програмата.

Заинтересираните кандидати, потпишаната пријава заедно со потребната документација во оригинал или заверена копија од нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул.Македонија бр.5 Скопје, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Службен весник на РСМ. Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на web страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија на следната адреса: http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ostanati-dokumenti.
Ненавремени и нецелосни документи нема да се разгледуваат.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.150/10). Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе бидат спроведени психолошкиот тест и тестот за интегритет за кандидатите кои ги немаат положено тестовите, како и проверка на знаење на практична работа со компјутери.

По однос на термините за полагање на тестовите и проверка на знаење на практична работа со компјутери, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

**Бр.09-990/2**
**24.06.2024год.**

**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**

**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Весна Дамева**